# ШАПЛИ – ШУБИК ИНДЕКС НА МОЌНОСТ – ОД ТЕОРИЈА ДО СЕКОЈДНЕВИЕ

*Стево Ѓоргиев* [1]

[1] *ООУ „Кирил и Методиј“, с. Стојаково, Богданци*

e-mail: stevo_gvg@yahoo.com

Теоријата на игри е релативно млада дисциплина во областа на математиката. Комбинацијата од повеќе математички дисциплини, теоријата на веројатност, математичкото програмирање, како и комбинаториката, ја прават оваа дисциплина доста важна во секојдневното работење на економскиот и политичкиот сектор.

Шапли – Шубик индексот на моќност е дело на истоимените пронаоѓачи и претставува добар показател за преземање или непреземање на одреден потег, во одредена ситуација, од одредена политичка или економска структура. Овој индекс на моќност се базира на теоријата на коалиционите игри и ја претставува важноста на единката во групата при донесување одредена одлука. Поточно, Шапли – Шубик индексот на моќност е специјален случај од вредноста на Шапли како концепт на решение на коалиционите игри. Посебен акцент во овој истражувачки труд, ќе се стави на теориската поткрепа на моќноста на овој индекс, математичката издржаност за неговата важност, како и неговата имплементација во секојдневните случувања.